**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | **Градоначалник на Град Скопје** |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | **Сектор за поддршка на градоначалник** |
| **ПРЕСТАВНИК:** | **Секретар на Град Скопје** |
| **ПОВЕРЕНИК:** | **Помошник раководител Сектор за поддршка на градоначалникот** |

# П Р Е Д Л О Г - П Р О Г Р А М А
## за активностите на Град Скопје – Сектор за поддршка на градоначалникот за 2023

Скопје,Декември 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалнатасамоуправа ( “Службен весник на РМ “ број 05/02), Советот на Град Скопје на ________________ седница, одржана на _______ 2022 година, донесе:

**ПРОГРАМА за активностите на Град Скопје – Сектор за поддршка на градоначалникот за 2023**

## I ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за активностите на Сектор за поддршка на градоначалникот во 2023 година е изготвена согласно член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02). Спроведувањето на активностите произлегува од надлежности кои се утврдени во конкретните правни прописи.
Со оваа програма се утврдуваат целите, приоритетите и активностите во областа на работата на Секторот за поддршка на градоначалникот како и намената на средствата обезбедени во Буџетот за 2023 година,.

## II ЦЕЛИ

Целта на програмата со која се предвидуваат активностите на Секторот за поддршка на градоначалникот е да предложи мерки ,проекти активности и задачи за активностите и клучните предизвици со што ќе се подобри квалитетот и транспарентноста во однос на процесот на информирањето на граѓаните, вклучување на јавноста во работењето на органите, стратегии и креативни концепти за комуникација. За оваа цел Град Скопје става акцент на следниве приоритети:

- Финансирање на проекти на Град Скопје за 2023 година,
- Зголемување на информираноста на граѓаните, транспарентноста во работењето на органите на Град Скопје, како и на градската администрација.
- Подобрување на двонасочната комуникација и вклучувањето на јавноста во носењето на важните одлуки за Град Скопје,
- Развој и поддршка на програми,активности на секторите на Град Скопје,
- Воспоставување на стандарди за квалитетни креирање на политиките на Градот Скопје со истражување и детектирање на програмските приоритети,
- Развој на креативен концепт и стратегија за комуникација со граѓаните

## III АКТИВНОСТИ

Активностите кои како концепт или функција се развиени од страна на Секторот за поддршка на градоначалникот, а се вклучени во програмата на истиот се:

- Информативно гласило на Град Скопје -во насока на подобро информирање на јавноста за активностите на Град Скопје, се издава гласилото кое дополнително се поставува на интернет порталот на Град Скопје и се споделува преку профилите на Градот на социјалните мрежи.
  1.000.000,00 денари-програма ЕО-425 425920

- Истражување за програмски приоритети за реализација - со цел поквалитетно креирање на политиките на Град Скопје периодично се спроведува истражување за реализација на програмските приоритети. Со истите се вршат истражувања на приоритетите за граѓаните поврзани за Градот Скопје, неговите јавни претпријатија и други институции, се дава можност за давање на предлози и идеи за унапредување на одредени области и приоритети за кои треба да се посвети повеќе внимание и се детектира што е неопходно од програмските определби да биде приоритетно за реализација.

- Развој на креативен концепт и стратегија за комуникација со граѓаните - во насока на подобро информирање на јавноста за активностите на Град Скопје, секоја година се изработува детален план за информирање на граѓаните за активности за кои е неопходно да се добиваат навремени податоци, како информирање на јавноста за сите активности поврзани со програми, јавни повици, јавни огласи и сите информации со кои е потребно да се запознае јавноста.

- Медиумски простор за информирање на граѓаните - во насока на зголемување на информираност на граѓаните за активностите на Град Скопје, преку копродукција се изработуваат видео и аудио материјали во форма на кратки едукативни и информативни видеа.

- Мониторирање и изработка на извештаи во врска со вести поврзани со активностите на Градот - во насока на подобрување на ефикасноста на работата на Градот Скопје, користејќи се со наредни информатички технологии и алатки, се собираат, анализираат и обработуваат информации и податоци поврзани со теми и активности од интерес за Градот.

- Активности околу организирање на трибини за врсничко насилство и булинг во средните училишта во Град Скопје,со цел превенција и заштита на емоционалното и менталното здравје кај средношколците,
- Активности околу формирање на градски центар за претприемништво,
- Логистика и поддршка на активности и настани со надворешни субјекти,
- Организирање на медиумски настани и прес конференции,
- Објавување на информации на web порталот на градот и социјалните мрежи,
- Организирање одбележување на значајни датуми како и доделување на награди,
- Активности на Канцеларија за комуникација со граѓаните -Отворен град 24 –процес на прием на прашања од граѓаните,спроведување на истите до секторите и одговор на граѓаните за 72 часа, со цел решавање на предизвиците со кои се соочуваат граѓаните.

Активностите се финансирани од ЕО 426 426990 во износ од 10.000.000,00 денари.

Средствата за финансирање на програмата за поддршка на градоначалникот за 2023 година се утврдуваат во вкупен износ од 11.000.000,00 (единаесет милиони) денари и се обезбедуваат од Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

**IV ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Градоначалник на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма преку Секторот за поддршка на градоначалникот.

Број--------------------- СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

--.--.2022 година ПРЕТСЕДАТЕЛ

Скопје ТРАЈКО СЛАВЕВСКИ

**О б р а з л о ж е н и е**

Програмата за активностите на Сектор за поддршка на градоначалникот во 2023 година е изготвена врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02).

Спроведувањето на активностите произлегува од надлежности кои се утврдени во конкретните правни прописи.
Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот за 2023 година, целите, приоритетите и активностите во областа на работата на Секторот за поддршка на градоначалникот.
Со Програмата на активностите на Секторот за поддршка на градоначалникот ќе се финансираат проекти на Град Скопје за 2023 година, преку кои се зголемува информираноста на граѓаните, транспарентноста во работењето на органите на Град Скопје, како и на градската администрација. Истовремено ќе се подобри двонасочната комуникација и вклучувањето на јавноста во носењето на важните одлуки за Град Скопје.
Во рамките на овие активности ќе продолжи со издавање информативно гласило на Град Скопје, а со тоа ќе се подобри информирање на јавноста за активностите на Град Скопје, се изготвува гласило, кое се дистрибуира директно до граѓаните, но и се поставува на интернет порталот на Град Скопје и се споделува преку профилите на Градот на социјалните мрежи.
Со истражувања за програмски приоритети за реализација ќе се воспостави стандард за квалитетно креирање на политиките на Град Скопје, периодично се спроведува истражување за детектирање на програмските приоритети. Со истите ќе се вршат истражувања на приоритетите на граѓаните за Градот Скопје, неговите јавни претпријатија и други институции. Потреба од спроведување на одредени политики, но се дава можност за истакнување на предлози и идеи за унапредување на одредени области и приоритети за кои треба да се посвети повеќе внимание.
Развој на креативен концепт и стратегија за комуникација со граѓаните.е во функција на подобро информирање на јавноста за активностите на Град Скопје. Активност која во суштина преставува секоја изработка на детален план за информирање на јавноста за сите активности поврзани со програми, јавни повици, јавни огласи и сите информации со кои е потребно да се запознае јавноста. Системот кој треба да ги исполни наведените цели во програмата ќе се овозможи преку мониторирање и изработка на извештаи во врска со вести поврзани со активностите на Градот. Сегмент кој ќе се насочи кон подобрување на ефикасноста на работата на Градот Скопје, со користење на информатички технологии и алатки, а преку прибирање, анализирање и обработка на информации и податоци поврзани со теми и активности од интерес за Градот. .

Заради горенаведеното се предлага Советот да ја донесе Програмата за активностите на Секторот за поддршка на градоначалник на Град Скопје за 2023 година.